4. **Гласање со кореспонденција**

Акционерот може да гласа со кореспонденција со пополнување на образецот за гласање со кореспонденција, и доставување на документ за идентификација.

Пополнетиот образец за гласање со кореспонденција акционерот го доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер правно лице, со пропратен допис.

Заедно со пропратниот допис во кој во прилог е пополнетиот образец за гласање со кореспонденција, акционерот домашно правно лице приложува, последна тековна состојба од Централниот регистар на Р.Северна Македонија во оригинал не постара од десет дена, а акционерот странско правно лице приложува соодветен документ за регистрација на Друштвото, од државата каде што е основано, со превод од овластен судски преведувач, заверен на нотар.

За акционер физичко лице се приложува документ за лична идентификација.

Акционерот кој гласал со кореспонденција може лично да присуствува на седницата на Собранието, но доколку акционерот сака лично да гласа на самата седница мора писмено да го отповика гласањето со кореспонденција најдоцна 48 часа пред одржувањето на седницата. Доколку акционерот не достави писмено известување дека го отповикува гласањето, кое мора да биде примено во Друштвото најдоцна до 16.5.2025 година до 14.00 часот, во предвид ќе се земе гласањето со кореспонденција.

Известувањето, пополнетиот образец за гласање со кореcподенција и документите за идентификација мора да бидат примени во Друштвото најдоцна до 19.5.2025 година до 14.00 часот на адреса:

„МАКПЕТРОЛ“ А.Д. - Скопје
ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр.4
1000 Скопје
до Управниот одбор на Друштвото
со назнака „за Годишно Собрание“